ЈАВЕН ПОВИК

за доставување понуди за двајца обучувачи

според програма за дводневна обука на новинари на тема

„Справување со загадувањето на воздухот во РС Македонија“

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во рамките на проектот „**Справување со загадувањето на воздухот”**[1] предвидува **одржување на дводневни обуки за новинари на тема „Справување со загадувањето на воздухот – јакнење на јавната свест за проблемите и можните решенија**“.

За таа цел се распишува и овој **јавен повик за доставување на понуди за двајца обучувачи според програма за дводневна обука за новинари** што треба да придонесе кон подобрување на знаењата и вештините на локалните новинари да известуваат за теми поврзани со загадувањето на воздухот и влијанието и предизвиците во реалниот живот со кои се соочуваат погодените заедници, а со тоа да придонесат за поголема јавна свест за изворите, влијанијата и потенцијалните решенија против загадувањето на воздухот што треба да ги преземат надлежните власти и граѓаните.

Повеќе информации за техничките услови и програмата видете **тука**.

Информации за повикот

Постапка: **Отворен / јавен повик**
Тип на договор: **Договор за набавка на услуги**

Потребни документи

- Биографија, со референци за претходно искуство
- Изјава (Анекс 2),
- Финансиска понуда (Анекс 3)
- Доказ за резидентност согласно домашната легислатива (копија од пасош)

Начин и рок на аплицирање

Заинтересираните треба да ја достават својата апликација (биографија со референци, доказ за резидентност и пополнети **Анекс 2** и **Анекс 3**) преку електронска пошта на следниве адреси contact@znm.org.mk со назнака „Апликација по повик УНДП/2023/00122883-ЗНМ – 003 “.

Крајниот рок за доставување на апликации е **15.11.2023 (среда) до 24ч, ЦЕВ**.

[1] Проектот „Справување со загадувањето на воздухот“ е дел од Програмската рамка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), финансирана од Шведска. Проектот го имплементира УНДП во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти“.

Референтен број: УНДП/2023/00122883-ЗНМ – 003
Наслов на проектот: **„Справување со загадувањето на воздухот“** (Scaling up actions to tackle air pollution)
Лот: Обучувачи по програма за градење капацитети (Capacity building trainers)

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

(TERMS OF REFERENCES)

За проектот:

Проектот **Справување со загадувањето на воздухот** има цел да ги поддржи локалните власти во пет пилот општини во Северна Македонија, во насока на откривање и мерење на изворите на загадување на воздухот, идентификување, развој и спроведување соодветни мерки за решавање на проблемите, јакнење на капацитетите на партнерските организации, како и подигање на јавната свест. Вклучувањето и информирањето на јавноста за прашањата за квалитетот и загадувањето на воздухот е клучен фактор за успехот на проектот. Проектот посветува особено внимание на градење партнерства и зголемување на капацитетите на граѓанските организации (ГО) и медиумите, особено што тие имаат клучна улога во правилно прикажување на фактите, споделување добри, но и лоши практики, подигнување на свеста и придонес за зголемување на знаењето во изнаоѓање решенија за справување со загадувањето на воздухот. Соработката со медиумите ќе обезбеди да се задржи вниманието на јавноста за прашањата поврзани со загадувањето на воздухот на национално и локално ниво, како и притисокот врз носителите на одлуки да дејствуваат и да покажат резултати на двете нивоа.

Клучна алка во овој процес е инвестирањето во и мотивацијата на младите новинари ширум земјата подобро да се запознаат со темата и да се поттикне интерес кај новинарите за следење и известување за проблемите со аеро загадувањето, со што ќе се обезбеди одржливост на иницијативата и по формалното завршување на проектот

Во таа насока е и улогата на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), како најстара и најголема организација во земјата, во соработка со УНДП, да придонесе кон градење капацитети на локалните новинари за следење и известување на теми и прашања поврзани со загадувањето на воздухот и јавна промоција на квалитетни медиумски содржини.

Активностите во рамките на проектот ЗНМ ќе ги реализира во периодот од јули 2023 до декември 2025 година.

Цел на повикот:

Целта на овој повик ангажирање на **двајца надворешни соработници / тренери за реализација на дводневна обука за новинари според програма** подготвена за потребите на проектот што треба да придонесе кон подобрување на знаењата и вештините на локалните новинари да известуваат за теми поврзани со загадувањето на воздухот и влијанието и предизвиците во реалниот живот со кои се

соочуваат погодените заедници, а со тоа да придонесат за поголема јавна свест за изворите, влијанијата и потенцијалните решенија против загадувањето на воздухот што треба да ги преземат надлежните власти и граѓаните.

Обуката, на која е предвидено учество на 15-18 новинари од локалните медиуми надвор од главниот град, е планирано да се одржи од 23-25 ноември 2023, во Штип.

Задачи:

Клучните задачи и одговорности на двајцата ангажирани стручни соработници / обучувачи вклучуваат:

- **Подготвителни активности**: Врз основа на програмата за спроведување на обуката, во соработка со другиот ангажиран обучувач, да подготват презентации, работни материјали и примери за практични вежби. Изработка на детален план за реализација на обуката, по сесии согласно програмата;
- **Реализација на дводневна обуката**: Во соработка со другиот ангажиран обучувач, да испорачаат дводневна обука на новинари базирана на програмата (од Модул 2 до Модул 6 од програмата) што вклучува и покрива теми поврзани со загадување на воздухот и улогата на новинарите во борбата за почист воздух (влијание на загаденоста на воздухот врз здравјето на луѓето и животната средина и улогата на новинарите во подигнување на јавната свест, новинарство засновано на анализа на податоци за загадување на воздухот, соработка со граѓански организации и локалната власт, техники на истражувачко новинарство при известување за загадувањето на воздухот, мултимедијален пристап при раскажување приказни за загадувањето на воздухот).
- **Извештај по одржаната обука**: Да подготват краток извештај и сумирање на резултатите од обуката, со предлози за евентуално подобрување.
- **Консултација со тимот на Универзитетот Гоце Делчев од Штип и тим лидерот проф**. Дејан Мираковски, кој на самата обука ќе има презентација за потенцијалните извори на загадување на воздухот, мерења на загадувањето, презентација на добиените резултати и препораки за справување со загадувањето, со што од технички аспект ќе ја доближи темата на учесниците (Модул 1 од програмата: клучни термини и разбирање на процесот на анализа на загадување на воздухот).

Обуката ќе се реализира на македонски јазик.

Временска рамка (6 работни дена)

Опис на задачи	**Обучувач 1** (3 работни дена)	**Обучувач 2** (3 работни дена)
Подготвителни активности	0,5 дена	0,5 дена
Одржување на обуката	2 дена	2 дена
Извештај за спроведената обука	0,5 дена	0,5 дена

Периодот за реализација (спроведувањето на задачите и испорака на извештајот) е 10 календарски денови и почнува со датумот на потпишување на договорот, но не подоцна од 20 ноември 2023.

Квалификации и искуство

Соработникот /експертот треба да ги исполнуваат следните минимални услови:

- Најмалку 10 години искуство во новинарството.
- Темелно разбирање за состојбите и покриеноста на темата „животна средина и аерозагадување“ во медиумите во Северна Македонија
- Портфолио на објавени приказни поврзани со еколошки прашања.
- Докажано искуство во спроведување работилници или обуки за новинари; Одлични презентерски вештини
- Вештини за користење на мултимедијални содржини
- Вештини за користење на алатки за истражување и верификација на податоци
- Вештини за користење на алатки за визуелизација на податоци
- Високо ниво на професионализам и способност за самостојно и/или тимско работење и во ситуации на висок притисок и во кратки рокови,

Напомена: Заинтересираните кандидати треба да достават професионална биографија, со референци за претходно искуство.

Финансиски надомест:

Максималниот буџет за оваа набавка изнесува 79,800 денари бруто (односно по 39,900 денари бруто по обучувач)

Предвидениот износ е пресметан врз основа на просечната пазарна цена и приближниот број на денови на ангажман за ваков тип на услуга.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- 100 % по извршување на сите задачи од договорот и барањето за набавка на услуга.

ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА БАЗА НА ГЛОБАЛНА ЦЕНА

Референтен број: УНДП/2023/00122883-ЗНМ – 003
Наслов на проектот: **„Справување со загадувањето на воздухот“** (Scaling up actions to tackle air pollution)
Лот: Лот: Обучувачи по програма за градење капацитети (Capacity building trainers)

Оценување на техничкиот капацитет:

Проценка на технички капацитет (Вкупно поени):	**/ 100**
Компетентност	**/50**
Најмалку 10 години искуство во новинарството; Темелно разбирање за состојбите и покриеноста на темата „животна средина и аерозагадување“ во медиумите во Северна Македонија; Вештини за користење на мултимедијални содржини; Вештини за користење на алатки за истражување и верификација на податоци; Вештини за користење на алатки за визуелизација на податоци; Високо ниво на професионализам и способност за самостојно и/или тимско работење и во ситуации на висок притисок и во кратки рокови.	/50
Претходно искуство	**/50**
Портфолио на објавени приказни поврзани со еколошки прашања; Докажано искуство во спроведување работилници или обуки за новинари; Одлични презентерски вештини.	/50

Максималниот број поени што може да се добие при проценка на техничките капацитети е 100. Минималниот број на поени што понудувачот треба да ги постигне при проценка на техничките капацитети со цел понудата дополнително да се разгледа е 80.

На понудата со најголем број поени се доделува максималниот бројот на бодови, односно 80. Другите понуди добиваат број на поени за успешност, пресметани според следнава формула: Технички резултат = (вкупен број на поени постигнати при проценка на предметната техничка понуда) / (вкупен број на бодови постигнати при проценка на најдобрата техничка понуда) x 80.

Оценување на финансиската понуда:

Оценка на финансиска понуда (Вкупно поени):	**/ 20**
Цена	/20

Понудата со најниска цена добива најголем број на бодови, односно 20. Другите понуди добиваат број на бодови за успешност според следнава формула: Финансиски резултат = (најниска цена / цена на понуда што се разгледува) x 20

Критериум за доделување на договор:

Критериум за доделување на договорот е најдобрата вредност за парите. Најдобрата вредност за парите се одредува со проценка на техничките капацитети и цената, во сооднос 80 /20 (бодови).

Со собирање на бодовите за техничките капацитети и за финансиската понуда, се добива вкупниот број на освоени поени според кои се рангираат понудите.

Детална програма за дводневна обука на новинари на тема

„Справување со загадувањето на воздухот“

Автор: Александар Манасиев

(Фотографии генерирани со ВИ: Playground AI)

Овој документ е подготвен од Александар Манасиев преку Здружението на новинарите на Македонија, во рамки на проектот „Справување со загадувањето на воздухот“ кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти“.

Ставовите изразени во овој документ се на авторот и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.

Содржина

1 Краток опис 3

2 Преглед на програмата 3

3 Цели на програмата 4

4 Модули на програмата 5

4.1 Клучни термини и разбирање на процесот на анализа на податоците за загадување на воздухот 5

4.2 Влијание на загаденоста на воздухот на здравјето на луѓето/животната средина и улогата на новинарите во подигнување на јавната свест 8

4.3 Новинарство засновано на анализа на податоци за загадување на воздухот 10

4.4. Соработка со граѓански организации и локалната власт 12

4.5. Техники на истражувачко новинарство при известување за загадувањето на воздухот 15

4.6. Мултимедијален пристап при раскажување приказни за загадувањето на воздухот 18

5 Временска рамка за обуката 21

6 За кого е наменета обуката 21

7 Профил на обучувачи 21

8 Материјали и ресурси 22

9 Цели на обуката 22

10 Листа на корисни ресурси и материјали за обучувачите 22

11 Анекси 23

1 Краток опис

Оваа дводневна програма за обука на млади новинари е дизајнирана да им овозможи на локалните новинари во Северна Македонија да се стекнат со знаења, вештини, правни и етички основи неопходни за ефективно известување за прашањата поврзани со загадувањето на воздухот.

Програмата ја нагласува соработката помеѓу новинарите, граѓанските организации (ГО) и локалните власти, усогласувајќи се со целите на проектот за справување со загадувањето на воздухот и подигнување на јавната свест.

Програмата е дизајнирана да ги усогласи теоретските со практичните знаења за посочената тема притоа нагласувајќи го практичниот дел преку конкретни индивидуални вежби, групни активности и дискусии.

2 Преглед на програмата

- Теоретски дел неопходен за совладување на клучните термини и изрази поврзани со загадувањето на воздухот
- Теоретски и практичен дел за ефикасно истражување на теми поврзани со загадувањето на воздухот
- Практики за ефикасна соработка со граѓанските организации
- Практики за ефикасна соработка со локалната власт
- Групни вежби
- Дискусии
- Индивидуални задачи и вежби

3 Цели на програмата

Зајакнување на теоретската основа: Програмата на учесниците им овозможува да добијат солидно теоретско разбирање на проблемот, опфаќајќи клучни термини и изрази поврзани со загадувањето на воздухот, овозможувајќи им да комуницираат и да известуваат за темата со прецизност и поголема експертиза.

Подобрување на вештините за истражување: Програмата им овозможува на учесниците да се стекнат со потребните вештини за ефективно да истражуваат и известуваат за теми поврзани со загадувањето на воздухот. Ова вклучува истражувачки методи, анализа на податоци и критичко размислување во контекст на еколошкото новинарство.

Поттикнување на соработка со граѓанските организации (ГО): Програмата има за цел да се поттикне разбирањето на важноста на соработката со граѓанските организации, со акцент на ефективна комуникација и градење партнерство. Учесниците ќе научат како да ги користат граѓанските организации како вредни ресурси и застапници во нивните напори за известување.

Поттикнување на соработка со локалната самоуправа: Учесниците ќе научат практични вештини за ефективна соработка со локалните власти. Ова опфаќа разбирање на регулаторните процеси, пристап до релевантни податоци и воспоставување конструктивни односи со претставниците на локалната самоуправа со цел да се овозможи посеопфатно известување за проблемот со загадувањето на воздухот.

Учење преку групни вежби: Групните вежби ќе ја поттикнат тимската работа и решавањето на проблемите меѓу учесниците. Овие вежби содржат симулирани сценарија за известување, каде што учесниците работат заеднички за да се справат со реалните предизвици поврзани со загадувањето на воздухот.

Учење преку поттикнување на дискусии: Програмата поттикнува индивидуални и групни дискусии кои навлегуваат во суштината на известувањето за загадувањето на воздухот. Овие дискусии ќе поттикнат критичко размислување и размена на идеи, овозможувајќи им на учесниците да разгледаат повеќе перспективи и да ги подобрат своите техники за известување.

Учење преку прилагодени индивидуални задачи и вежби: Програмата им овозможува на учесниците учење преку индивидуални задачи и вежби дизајнирани да ги подобрат нивните специфични вештини и да одговорат на нивните уникатни потреби.

4 Модули на програмата

4.1 Клучни термини и разбирање на процесот на анализа на податоците за загадување на воздухот

Што ќе научат учесниците во модулот:

- Совладување на клучната терминологија за загадување на воздухот.
- Разбирање на индексите за квалитет на воздухот (на пр., AQI, API) и нивното значење.
- Запознавање со алатките /инструментите за мерење на загаденоста на воздухот.
- Идентификување на изворите и причините за загадување на воздухот.
- Запознавање за влијанието на аерозагадувањето врз здравјето и животната средина.
- Зајакнување и ефективна соработка со стручни лица од областа.

Потребни материјали: Презентација (Google slides/Powerpoint), лаптоп компјутер, видео проектор, звучници.

Предложено време: 110 минути

Модул 1 (Ден 1)

10 минути	Воведно обраќање и запознавање со програмата и обучувачот/обучувачите
10 минути	Запознавање со учесниците
30 минути	Клучна терминологија што новинарите треба да ја знаат за известување за загадувањето на воздухот и разбирање на индексите поврзани со загадувањето на воздухот. Како правилно да се користи терминологијата и како да се прават веродостојни споредби во рамки на една држава и меѓународно.

	Обучувачот користи визуелно атрактивен начин на запознавање на учесниците со клучните физички единици споредувајќи ги ПМ 2.5 и ПМ 10 честичките со големината на едно влакно и слично. Може да поттикне дискусија преку прашањето дали човековото влакно е поголемо или помало од овие честички и слично. Може да се искористи како воведна сесија (icebreaker) Квизот 1 за познавање на честичките. *Исто така може да ги праша учесниците кои се нивните најголеми проблеми при анализа на податоците поврзани со загадувањето на воздухот, разбирање на физичките единици и индекси на квалитет на воздух* (на пр., AQI, API). *Ова ќе служи и како вовед за делот како правилно да се користи терминологијата и како да се прават веродостојни споредби во рамки на една држава и меѓународно.*
40 минути	Техники на мерење на загадувањето на воздухот. Инструменти /алатки и опрема за мерење на загаденоста на воздухот. Толкување на податоци од мониторинг станици. *Обучувачот ги запознава учесниците со различните техники на мерење и на уредите кои се користат при мерење на загадувањето на воздухот (директно мерење, лабораториско мерење и слично). Доколку се посетува лабораторија тогаш може да се прикаже во реално време како се мери квалитетот на воздухот во затворен простор и кои параметри се важни. Обучувачот им дава практично знаење на учесниците за тоа како се вршат мерењата, кои се можните проблеми и кои податоци да ги користат при известување за загаденоста на воздухот.*

20 минути	Препораки за справување со загадувањето на воздухот *Обучувачот го завршува својот дел од обуката со дискусија за можните решенија и препораки за справување со загадувањето на воздухот и самиот на крајот предлага решенија со компарација на слични решенија во други земји.*

Предлог вежби и активности:

- **Квиз 1:** ПМ честички. Обучувачот преку серија од минимум три прашања (не повеќе од 5) ќе го тестира знаењето на учесниците за честичките, дали ги препознаваат визуелно, дали знаат кои здравствени проблеми може да ги предизвикаат и извори на честичките.
- **Квиз 2:** Индекси на мерење. Обучувачот преку серија од минимум три прашања (не повеќе од 5) ќе го тестира знаењето на учесниците за различните индекси на мерење на квалитетот на воздухот, дали ги знаат разликите и слично
- **Мерење:** Доколку се посетува лабораторија може две групи учесници со два различни апарати да извршат симулација на мерење на квалитетот на воздухот и да ги прикажат добиените резултати.

Теми за дискусија:

- Кои се најголемите проблеми и предизвици на новинарите при известување за квалитетот на воздухот?
- Каква е соработката со стручната фела и истражувачите?

4.2 Влијание на загаденоста на воздухот на здравјето на луѓето/животната средина и улогата на новинарите во подигнување на јавната свест

Што ќе научат учесниците во модулот:

- Здравствените ефекти од загадувањето на воздухот
- Еколошки и социјални последици од аерозагадувањето
- Улогата на новинарите во подигање на јавната свест
- Локални примери: Влијанија врз заедниците

Потребни материјали: Презентација (Google slides/Powerpoint), лаптоп компјутер, видео проектор, звучници.

Предложено време: 80 минути

Модул 2 (Ден 1)

15 минути	Влијанието на загадувањето на воздухот врз здравјето на луѓето и како тоа да се претстави во новинарска приказна *Обучувачот дава вовед во аерозагадувањето и неговите влијанија врз здравјето. Краток преглед на здравствени проблеми поврзани со загадувањето на воздухот и ги поттикнува учесниците на куса дискусија како овие теми може да станат новинарска приказна.*
30 минути	Влијание на загадувањето на воздухот врз екосистемот и преглед на пошироките еколошки и социјални последици *Обучувачот поттикнува дискусија за пошироките еколошки и социјални последици и ги истакнува ефектите врз екосистемот и социјалните разлики. Овде се организира и интерактивна игра со поделба во групи.*
20 минути	Улогата на новинарите и моќта на ефективното раскажување приказни

	Обучувачот ја нагласува улогата на новинарот во подигањето на јавната свест и моќта на раскажувањето приказни при известувањето за животната средина.
15 минути	Локални примери и влијанија во заедницата *Обучувачот дава краток преглед на локални примери кои покажуваат одредено влијанија на загадувањето на воздухот врз заедниците. Поттикнува дискусии за студии на случаи специфични за регионот.*

Предлог вежби и активности:

- **Интерактивна игра:** Што ќе се случи при симулиран инцидент (15 минути):

Обучувачот им дава на учесниците кратко сценарио со симулација на инцидент во индустриски објект кој предизвикува загадување на воздухот (сценариото на симулацијата е подложно на промени). Учесниците се делат во најмалку две групи (пожелно во групи од најмалку тројца учесници, не повеќе од петмина во група) и кратко дискутираат за потенцијалните влијанија на инцидентот врз здравјето и животната средина, но и за стратегиите за известување. Еден од секоја од групите кусо ги презентира заклучоците од дискусијата и планот за известување.

Теми за дискусија:

- Глобална наспроти локална перспектива на приказните. Како најдобро да се локализираат новинарските приказни поврзани со загадувањето.
- Кои се клучните улоги на новинарот кога известува за аерозагадувањето наспроти кои се проблемите на кои треба да внимава и предизвиците со кои се соочува

4.3 Новинарство засновано на анализа на податоци за загадување на воздухот

Што ќе научат учесниците во модулот:

- Кои се глобалните, регионални и локални извори на информации поврзани со загадувањето на воздухот.
- Значењето на податоците во известувањето за животната средина.
- Како анализата на податоците може да обезбеди вредни сознанија.
- Како ефикасно да се визуелизираат податоците.

Потребни материјали: Презентација (Google slides/Powerpoint), лаптоп компјутер, видео проектор, звучници. За учесниците потребно е мобилен телефон и/или лаптоп, апликации како Adobe Express и/или Canva.

Предложено време: 120 минути

Модул 3 (Ден 1)

30 минути	Глобални, регионални и локални извори на информации и податоци поврзани со загадувањето на воздухот *Обучувачот ќе даде преглед на најважните и релевантни извори на информации и податоци поврзани со загадувањето на воздухот, ќе презентира низа алатки за истражување и анализа на податоци и ќе спроведе вежба со една или повеќе алатки во зависност од времето. Истовремено ќе развие дискусија за тоа каде учесниците вообичаено ги бараат податоците поврзани со загадувањето на воздухот и начинот на кој ги употребуваат во нивните приказни. Накусо може да објасни за тоа како се бараат аномалии при анализа на податоци, нормализација на податоци и стандардизација.*
30 минути	Најдобри практики за користење и визуелизација на податоците поврзани со загадувањето на воздухот *Обучувачот прикажува глобални, регионални и/или локални примери на визуелизација на податоци поврзани со загадувањето на воздухот, ги објаснува најдобрите практики за визуелно прикажување на бројките како и совети за избегнување на лошите практики при визуелизација и претставување на бројките пред публиката.*

40 минути	Алатки за визуелизација на податоци *Обучувачот им презентира низа алатки на учесниците кои може да се искористат за визуелизација на податоците поврзани со загадувањето на воздухот меѓу кои може да бидат и Adobe Express и/или Canva како и други алатки наведени во анексот на овој документ. Обучувачот спроведува и практична вежба каде им дава на учесниците реални податоци со цел да креираат визуелно ангажиран пост за социјалните медиуми. Во меѓувреме во текот на презентацијата поттикнува дебата за тоа колку често користат алатки за визуелизација и кои се најчестите проблеми при нивното користење. На крајот од вежбата учесниците ги презентираат креираните визуелни решенија и може за истите да се дискутира, во зависност од времето кое им останало.*
10 минути	Што научивме денес? *Кус преглед на најважните точки кои учесниците треба да ги запомнат од првиот ден на обуката, преглед на најдобрите практики за известување поврзано со темата-аерозагадување.*
10 минути	Завршна дискусија и прашања *Обучувачот ќе им даде можност на учесниците да постават прашања и да се развие завршна дискусија поврзана со трите модули кои беа поминати во текот на првиот ден од обуката.*

Предлог вежби и активности:

- **Групен предизвик:** Најбрзо до точните информации (10 минути). Обучувачот им дава имиња и/или адреси на седум индустриски капацитети (од различни градови) во РСМ, а учесниците поделени во групи од по најмалку три учесници имаат задача да откријат дали индустрискиот капацитет има А или Б еколошка дозвола користејќи ги податоците од платформата https://registers.mk/#integrated_licences
- **Групен предизвик 2** Најбрзо до точните информации (10 минути). Обучувачот им дава имиња и/или адреси на 5 институции во државата(од различни градови) во РСМ, а учесниците поделени во групи од по најмалку три учесници имаат задача да откријат на што се греат овие институции користејќи ги податоците од платформата https://registers.mk/public_buildings/#public_buildings

- **Индивидуална задача:** Кој има најдобар дизајн (15 минути). Обучувачот по прикажување на различните алатки за визуелизација на податоците им дава индивидуална задача на сите учесници да креираат визуелен елемент за социјалните медиуми користејќи Canva, Adobe Express или некоја трета алатка. Потоа може да следи презентација и дискусија за креираните дизајни.

Теми за дискусија:

- Кои извори на информации и податоци ги користат учесниците и кои се предизвиците при користење на тие платформи / алатки.
- Колку е важна визуелизацијата на податоците кога станува збор за известување поврзано со загадениот воздух.

4.4. Соработка со граѓански организации и локалната власт

Што ќе научат учесниците во модулот:

- Разбирање на улогата на граѓанските организации и локалните власти во насока на креирање ангажирани новинарски стории поврзани со справувањето со загадувањето на воздухот
- Увид во најдобрите практики за успешна соработка со граѓанските организации и локалните власти во контекст на загадувањето на воздухот.
- Примери од реалниот свет и успешни приказни кои ги илустрираат придобивките од соработката.
- Како да се користи правото за слободен пристап до информации од јавен карактер на локално ниво
- Разбирање на значењето на транспарентност во пристапот до податоци и документација за известувањето за животната средина и нивниот придонес во информираното донесување одлуки.
- Препознавање на етичките дилеми при соработка со граѓански организации и владини субјекти.

Потребни материјали: Презентација (Google slides/Powerpoint), лаптоп компјутер, видео проектор, звучници. Пожелно е да има и отпечатени примероци од Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Предложено време: 90 минути

Модул 4 (Ден 2)

5 минути	Вовед во вториот ден од обуката
30 минути	Значење на соработката на новинарите со граѓанските организации и претставниците на локалната власт *Обучувачот на почетокот ја спроведува групната игра: Симулација на дебата меѓу медиумите и локалната власт. Резултатите ги користи за дискусија со учесниците во програмата со цел да се развие дебата дали тие соработуваат со претставниците на граѓанските организации и локалната власт кога станува збор за прашања поврзани со загадувањето на воздухот, каква е таа соработка и како може да се подобри. На крајот накусо се споменува за новинарство за застапување и етичките дилеми поврзани со овој вид на новинарство.*
20 минути	Најдобри практики на соработка меѓу новинарите и претставниците на граѓанските организации и претставниците на локалната власт *Обучувачот дава преглед на видовите соработка кои може да се остварат со претставници на граѓански организации во насока на пишување посеопфатни новинарски производи (интервјуа, користење на анализи и извештаи од граѓанските организации, верификација на податоци, размена на идеи за приказни и слично.) Обучувачот потоа се осврнува на видовите соработка што може да ги има новинарот со претставниците на локалната власт при пишување на теми поврзани со загадувањето (пристап до податоци, анализи и извештаи од локалната власт, интервјуа, овозможување пристап до одредени локации, размена на идеи за приказни и слично).*
30 минути	Како ефикасно да се користи правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

	Обучувачот дава преглед на најдобрите практики и совети за поефикасно користење на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во контекст на барање податоци од локалната власт. Објаснува како се пополнува Барањето и кои се можните „замки“ што треба да се избегнат. *Развива дебата за тоа дали новинарите го користат ова право и кои се нивните искуства и воедно дава сценарио кое се користи за индивидуална вежба на новинарите за пополнување на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.*
5 минути	Етички дилеми при соработка со претставници на граѓанските организации и претставниците на локалната власт во насока на истражување на теми поврзани со загадувањето на воздухот. *Обучувачот ја објаснува важноста од задржување на независноста и новинарскиот интегритет при соработка со горенаведените субјекти, важноста од транспарентност во известувањето кога станува збор за посочување на изворите на информациите кои се користат во истражувањето. Исто така ја нагласува важноста од фер и балансирано известување, прецизно цитирање и користење на податоците, како и важноста од верификација на податоците добиени од горенаведените субјекти. Обучувачот ја нагласува опасноста од манипулација и наведување преку содржината на известувањето и важноста да се задржи уредувачката независност, но и важноста од новинарство во насока на заштита на јавниот интерес. Сето ова може да биде проактивно со постојана дискусија со учесниците.*

Предлог вежби и активности:

Групна вежба: Симулација на дебата за загадувањето на воздухот (15 минути). Целта е да се вклучат учесниците во дискусија во стил на дебата каде што една група ги претставува медиумите, другата група ги претставува локалните власти, а трета ги претставува граѓанските организации. Дебатата ќе се води околу стратегии за решавање на локалниот проблем со загадувањето на воздухот. За вежбата ќе биде потребно кусо сценарио како бриф-документ за секоја група. Секоја група одбира портпарол кој зборува

во име на групата. Сите групи имаат 5 минути да се подготват, по што следува дебата од 10 минути.

Предлог сценарио: Еден град се соочува со сериозно загадување на воздухот, а локалните власти, медиумите и граѓанските организации се состануваат за да разговараат за стратегии за решавање на проблемот. Улогата на медиумите е да известат за дебатата, локалните власти се одговорни за спроведување на политиките, а граѓанските организации се залагаат за интересите на заедницата. Дебатата започнува со тоа што портпаролот на локалните власти ги презентира предложените решенија и политички размислувања за справување со загадувањето на воздухот.

Завршете ја дебатата со истакнување на важноста од конструктивна соработка меѓу медиумите и локалните власти во решавањето на проблемите со загадувањето на воздухот. Нагласете ја улогата на новинарството во поттикнувањето на транспарентноста и одговорноста.

Индивидуална вежба: Пополнување на Барање за слободен пристап од информации од јавен карактер (10 минути). Обучувачот дава кусо сценарио и сет на податоци за загадувањето на воздухот во еден град и новинарите подготвуваат барања за слободен пристап врз основа на тие податоци.

Теми за дискусија:

- Предизвици при соработката со граѓански организации и локалните власти.
- Етички дилеми при соработката со граѓански организации и локалните власти.
- Проблеми и предизвици со пристапот до информации од јавен карактер.

4.5. Техники на истражувачко новинарство при известување за загадувањето на воздухот

Што ќе научат учесниците во модулот:

- Разбирање на значењето на истражувачкото новинарство во решавањето на проблемите со загадувањето на воздухот.

- Како да се применат истражувачките техники и практики при известување за загадувањето на воздухот
- Како да се развијат основни вештини за истражување
- Како најдобро да се планираат, спроведат и презентираат истражувачките приказни за загадувањето на воздухот.
- Како да пребарувате судски случаи поврзани со загадувањето на животната средина

Потребни материјали: Презентација (Google slides/Powerpoint), лаптоп компјутер, видео проектор, звучници.

Предложено време: 100 минути

Модул 5 (Ден 2)

30 минути	Важноста на истражувачкото новинарство при известување за прашања за животната средина *Обучувачот разговара за клучната улога што истражувачкото новинарство ја игра во решавањето на еколошките проблеми, со специфичен фокус на загадувањето на воздухот. Го нагласува влијанието што може да го има истражувачкото новинарство врз промените во политиките, јавната свест и одговорноста како и важноста од разоткривање на неправилностите, корупцијата и слично преку спроведување длабински анализи и промовирање на транспарентноста. Во овој дел организира и дебата за проблемите и предизвиците на истражувачкото новинарство. Користи глобални и локални примери на истражувачки приказни поврзани со загадувањето на воздухот.*
30 минути	Процес и техники на истражувачкото новинарство *Овој дел обучувачот го започнува со индивидуална вежба. По завршувањето на вежбата го објаснува процесот на истражувачкото новинарство кој обично вклучува истражување, собирање податоци, анализа, интервјуа и раскажување на приказната. Ги нагласува и објаснува истражувачките методи за собирање информации, анализа и интерпретација на податоците, техники на интервјуа при истражување на теми поврзани со*

	екологијата како и употреба на визуелизација на податоци во истражувачкото известување. *Накратко прави споредба / паралела помеѓу дневна вест и истражувачка сторија на тема аерозагадување. Во овој дел може да се нагласат и различните извори на информации вклучувајќи ги и свиркачите како извор.*
40 минути	Планирање и спроведување на новинарско истражување *Овој дел започнува со групната вежба, а по нејзиното завршување обучувачот ја објаснува важноста од доброто планирање и дефинирање на примарната цел на истражувањето, планирање на минимум и на максимум на приказната како и соодветно фокусирање на самата приказна. Можни цели на истражувањето би биле: Дали е тоа за да се откријат изворите на загадување, да се откријат неуспесите на носителите на политики или да се потенцираат влијанијата од загадувањето на воздухот? Обучувачот објаснува дека целта треба да биде добро дефинирана и конкретна. Потоа го објаснува процесот на изработка на детален план со наведување на чекорите, временската рамка, и ресурсите потребни за истрагата (човечки, финансиски и сл.). Обучувачот дискутира со учесниците за различните методи за собирање податоци поврзани со загадувањето на воздухот, како што се преглед на владини извештаи, пристап до јавни податоци, спроведување теренски истраги и користење податоци од веродостојни извори како станици за мониторинг на квалитетот на воздухот и слично. Потоа ја нагласува важноста на критичката анализа на податоци со оценка на веродостојноста и кредибилитетот на изворите, а на крајот кусо ја објаснува и важноста од верификација на податоците и проверката на фактите. Опфаќа кусо и што е „crowdsourcing“ во контекст на раскажување приказни за загадувањето на воздухот.*

Предлог вежби и активности:

Индивидуална вежба: Како ќе ја истражам приказната? (15 минути). Обучувачот им дава сценарио на сите учесници во обуката по што имаат време од околу 7 минути да размислат како ќе ја истражат приказната и што ќе им биде фокусот. Потоа доброволци кусо презентираат.

Предлог сценарио: Две соседни земји делат граница во близина на голем индустриски комплекс. Во двете земји на граничниот појас се забележани високи нивоа на загаденост на воздухот. Населението долж границата на двете земји е загрижено за здравјето. Изворот на прекугранично загадување не е дефинитивно познат.

Групна вежба: Кој го загадува воздухот? (20 минути). Обучувачот ги дели учесниците во мали групи и им дава сценарио според кое треба да креираат план за истражување на приказната. Секоја група дискутира околу 10 минути и потоа претставник на секоја група го презентира планот за истражување на приказната.

Предлог сценарио: Во мал индустриски град, жителите пријавиле зголемување на респираторните проблеми, се жалат на чести главоболки како и на непријатна миризба во воздухот. Локалните активисти се сомневаат дека блиската фабрика можеби е одговорна за загадувањето на воздухот. Локалните власти не реагираат на нивните жалби.

Теми за дискусија:

- Предизвици на истражувачкото новинарство vis-à-vis дневната вест
- Етички дилеми при истражувачкото новинарство

4.6. Мултимедијален пристап при раскажување приказни за загадувањето на воздухот

Што ќе научат учесниците во модулот:

- Како ефикасно да се примени визуелното раскажување приказни: Користење податоци и мултимедијални елементи
- Развивање основни мултимедијални вештини за раскажување приказни
- Ефикасно користење на социјалните мрежи и прилагодување на содржината на различни платформи
- Ефикасни стратегии за продолжување на животниот циклус на новинарските приказни/истражувања поврзани со загадувањето на воздухот

- Како ефикасно да се искористат онлајн алатките за креирање на мултимедијални содржини

Потребни материјали: Презентација (Google slides/Powerpoint), лаптоп компјутер, видео проектор, звучници. Листа на алатки за визуелизација.

Предложено време: 120 минути

Модул 6 (Ден 2)

20 минути	Важноста на мултимедијалниот пристап при раскажување приказни за загадувањето на воздухот *Обучувачот ја нагласува важноста од мултимедијалниот пристап при раскажување приказни за загадувањето на воздухот покажувајќи глобални, регионални и локални примери од новинарски приказни со употреба на мултимедијални елементи. Развива дискусија за тоа кои елементи ги користеле досега учесниците на обуката и кои биле предизвиците од користењето на тие елементи.*
20 минути	Видови мултимедијални содржини *Обучувачот ги објаснува различните содржини почнувајќи од текстуалната содржина, продолжувајќи со визуелната содржина и ефикасното користење на слики, инфографици и визуелизација на податоци. Потоа продолжува со видео содржината и различните формати на видеа кои може да се користат при известување за прашања поврзани со загадувањето на воздухот. Потоа продолжува со аудио содржината, создавање подкасти и аудио наративи. На крајот може да покаже примери на AR и VR новинарско известување (Примери AJ Contrast)*
30 минути	Планирање мултимедијална приказна за загадувањето на воздухот и стратегии за продолжување на животот на приказните *Овој дел започнува со групната вежба, а по нејзиното завршување обучувачот објаснува колку е важно*

	развивањето концепт за одредена тема со цел креирање на мултимедијална приказна. Процесот подразбира идентификување на целната публика и нивните потреби за информации, а потоа продолжува со планирањето на содржината, форматот и структурата на мултимедијалната приказна. На крајот завршува со објаснување на мултиплатформскиот пристап и стратегиите за ефикасно продолжување на животот на новинарските приказни со адаптирање на содржината на специфичните потреби на публиката според платформата на која се објавува содржината.
30 минути	Алатки за мултимедијално раскажување на новинарски приказни *Обучувачот прикажува сет на бесплатни онлајн алатки за мултимедијално истражување на приказните (види Анекс), прикажува како најдобро да се искористат истите и потоа следи групна вежба на употреба на тие алатки за мултимедијално раскажување на новинарска приказна давајќи им соодветни податоци од кои ќе ја изградат мултимедијалната приказна.*
10 минути	Што научивме денес? *Кус преглед на најважните точки кои учесниците треба да ги запомнат од вториот ден на обуката.*
10 минути	Завршна дискусија и прашања *Обучувачот ќе им даде можност на учесниците да постават прашања и да се развие завршна дискусија поврзана со сите модули кои беа поминати во текот на вториот ден од обуката.*

Предлог вежби и активности:

Групна вежба: Креирај мултимедијална приказна (15 минути). Обучувачот ги дели учесниците на неколку групи (пожелно по тројца учесници по група) и потоа им дава кус текст поврзан со аерозагадувањето. Учесниците имаат 7 минути за дискусија по што следи кратка презентација на нивниот план за мултимедијална приказна: какви елементи ќе употребат и што ќе објават на различните платформи.

Теми за дискусија:

- Важноста на мултимедијалниот пристап за новинарските истражувања поврзани со загадувањето на воздухот.
- Проблеми и предизвици со алатките за креирање на мултимедијални содржини
- Колкав е животниот век на приказните со фокус на приказните за аерозагадувањето.

5 Временска рамка за обуката

Обуката ќе биде спроведена во два последователни дена. Предлог почеток на обуката е 9.30 часот, а крајот во 16 часот (во согласност со проценката на обучувачите и организаторот). Секој ден предвидено е да има кафе-пауза (10-15 минути) и пауза за ручек (максимум до 1 час).

6 За кого е наменета обуката

Локални новинари, репортери и медиумски професионалци заинтересирани да известуваат за загадувањето на воздухот и еколошките прашања.

7 Профил на обучувачи

Експерти-обучувачи со искуство во известување за теми од екологијата, новинарски истражувања, мултимедијално новинарство и новинарство насочено кон изнаоѓање на решенија.

Новинар/експерт за тренинзи од областа на животната средина

Потребни квалификации:

- Минимум 10 години искуство во новинарството.
- Портфолио на објавени приказни поврзани со еколошки прашања.
- Докажано искуство во спроведување на новинарски работилници или обуки.
- Вештини за користење на мултимедијални содржини

● Вештини за користење на алатки за истражување и верификација на податоци
● Вештини за користење на алатки за визуелизација на податоци

8 Материјали и ресурси

Учесниците ќе добијат пристап до извори на податоци за квалитетот на воздухот, бесплатни алатки за новинарско истражување и визуелизација на податоци и релевантни материјали поврзани со темата за поддршка при нивното известување.

9 Цели на обуката

Програмата има за цел да создаде мрежа на информирани и ангажирани новинари кои можат да поттикнат промени, да ја подигнат свеста и да се залагаат за почист воздух во Северна Македонија.

10 Листа на корисни ресурси и материјали за обучувачите

- https://www.unep.org/news-and-stories/story/how-air-quality-measured
- https://mphdegree.usc.edu/blog/how-to-measure-air-pollution/
- https://www.statista.com/search/?q=environment&p=1
- https://www.who.int/news/item/10-10-2023-monitoring-air-pollution-levels-is-key-to-adopting-and-implementing-who-s-global-air-quality-guidelines
- https://www.who.int/health-topics/air-pollution#tab=tab_1
- https://www.who.int/tools
- https://www.who.int/tools/air-quality-standards
- https://www.who.int/europe/tools-and-toolkits/airq---software-tool-for-health-risk-assessment-of-air-pollution
- https://www.worldbank.org/en/topic/pollution
- https://openknowledge.worldbank.org/handle/10986/39827
- https://news.gallup.com/topic/category-air-and-water-quality.aspx

- https://earthjournalism.net/resources
- https://www.sej.org/publications/tipsheet/overview
- https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=847
- https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef
- https://www.moepp.gov.mk/
- http://www.sei.gov.mk/page_mk.asp?ID=5
- https://registers.mk/public_buildings/
- https://registers.mk/
- https://air.moepp.gov.mk/
- https://airindex.eea.europa.eu/Map/AQI/Viewer/
- https://effis.jrc.ec.europa.eu/apps/effis_current_situation/
- https://www.canva.com/
- https://www.adobe.com/express/
- https://knightlab.northwestern.edu/projects/

11 Анекси

11.1 Предлог за влезно-излезен прашалник за учесниците за проценка на научената

Почитувана, почитуван

Ви благодариме што се пријавивте на нашата програма за обука за известување за загадувањето на воздухот. Вашите повратни информации се од суштинско значење за да ни помогнете да ги подобриме нашите идни обуки. Ве молиме одвојте неколку минути за да го пополните овој прашалник. Вашите одговори ќе останат доверливи.

Информации за учесниците:

Име: / Медиум: / Позиција:

Оценување пред обуката:

Предлог прашања (Препорака е да се изберат 10 прашања од понудените за полесна евалуација)

1. **Вообичаени извори на PM2.5 честички вклучуваат:**
   а. Чад од пожари
   б. Чад од печки на дрва
   в. Издувни гасови од автомобили и камиони
   г. Индустрија
   д. Сите наведени

Точен одговор: д) Сите наведени

2. **Вообичаени извори на ПМ10 честички вклучуваат:**
   а. Прашина од неасфалтирани патишта
   б. Чад од печки на дрва
   в. Морска сол
   г. Индустрија
   д. Сите наведени

Точен одговор: д) Сите наведени

3. **Кои се специфичните загадувачи на воздухот вообичаено вклучени во пресметката на Индексот за квалитет на воздухот (AQI)?**
   а. Само честички (PM2,5 и PM10) и јаглерод моноксид (CO).
   б. Честички (PM2,5 и PM10), јаглерод моноксид (CO), озон (O3), сулфур диоксид (SO2) и азот диоксид (NO2).
   в. Честички (PM2.5 и PM10), сулфур диоксид (SO2) и испарливи органски соединенија (VOCs).
   г. Емисии на азотен оксид (N2O) и метан (CH4).

Точен одговор: б) Ги вклучува вообичаените загадувачи на воздухот што се користат за пресметување на AQI.

4. **Кои се примарните здравствени ефекти поврзани со краткорочната изложеност на загаден воздух?**

   а. Респираторни проблеми

   б. Главоболки и осип на кожата

   в. Гадење

   г. Респираторни проблеми и кардиоваскуларни проблеми

   д. Сите наведени

Точен одговор: г) Респираторни проблеми и кардиоваскуларни проблеми

5. **Според СЗО, комбинираните ефекти од загадувањето на амбиенталниот воздух и загадувањето на воздухот во домаќинствата годишно предизвикува:**

   а. Прерана смрт на под 1 милион луѓе глобално

   б. Прерана смрт на над 1 милион луѓе глобално

   в. Прерана смрт на над 3 милиони луѓе глобално

   г. Прерана смрт на над 6 милиони луѓе глобално

Точен одговор: г) Прерана смрт на над 6 милиони луѓе глобално

Комбинираните ефекти од загадувањето на амбиенталниот воздух и загадувањето на воздухот во домаќинствата се поврзани со 6,7 милиони предвремени смртни случаи годишно. Извор: https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/ambient-(outdoor)-air-quality-and-health?gclid=CjwKCAiA3aeqBhBzEiwAxFiOBpXRpk-eJkGMQg47cL7QsdPvvX9AJL4rpcvg2Yw76syvWJ4MY6jxChoC1F8QAvD_BwE

6. **Како новинарите можат ефективно да ги пренесат наодите од научните истражувања поврзани со влијанието на загадениот воздух врз здравјето на луѓето?**

   а. Со поедноставување на наодите од истражувањето за општата публика.

   б. Со истакнување само на најалармантните аспекти од истражувањето.

   в. Со прецизно презентирање на истражувањето и обезбедување контекст.

   г. Со целосно избегнување на научните истражувања и потпирање само на изјава од надлежните институции.

Точен одговор: в) Со прецизно презентирање на истражувањето и обезбедување контекст.

7. **Која е основната цел на визуелизацијата на податоците во известувањето за животната средина?**

   а. Да се поедностават сложените податоци за читателите.

   б. Да направите податоците да изгледаат визуелно привлечни.

   в. Да се прикријат податоците од јавноста.

   г. Да се стават податоците во контекст.

   д. Сите горенаведени тврдења се точки.

Точен одговор: а) Да се поедностават сложените податоци за читателите со ограничено техничко знаење.

8. **Кога се анализираат податоците за квалитетот на воздухот, која е заедничка мерна единица за концентрации на честички (PM)?**

   а. Проценти

   б. Микрометри (μm)

   в. Милиграми на кубен метар (mg/m³)

   г. Милиметри

   д. Нанометри (nm)

Точен одговор: в) Милиграми на кубен метар (mg/m³)

9. **На што се однесува „правото на слободен пристап до информации од јавен карактер“ и зошто е тоа релевантно во известувањето за животната средина?**

   а. Тоа се однесува на правото на новинарот да пристапи до доверливи владини податоци.

   б. Тоа е правна рамка која го ограничува пристапот до информации од јавен карактер за новинарите од областа на животната средина.

   в. Тоа е правна гаранција која им овозможува на новинарите пристап до владините информации релевантни за еколошки прашања.

   г. Тоа е ирелевантно за известувањето за животната средина.

Точен одговор: в) Тоа е правна гаранција која им овозможува на новинарите пристап до владините информации релевантни за еколошки прашања.

10. **Кога соработуваат со локалните власти, каква е одговорноста на новинарите во однос на точноста и транспарентноста на нивното известување?**

а. Новинарите треба да дадат приоритет на сензационализмот пред точноста.

б. Новинарите треба да одржуваат транспарентност, да пренесуваат точни и прецизни информации при соработката со локалните власти

в. Новинарите треба да избегнуваат известување за владините активности за да останат непристрасни.

г. Новинарите треба да известуваат само позитивни вести за локалните власти.

д. Новинарите треба по секоја цена и не бирајќи средства да откријат што кријат локалните власти за загадувањето на воздухот.

Точен одговор: б) Новинарите треба да одржуваат транспарентност, да ја почитуваат точноста и да избегнуваат штета.

11. **Како можат новинарите да се справат со потенцијалните конфликти на интереси кога соработуваат со ГО и локалните власти во известувањето за животната средина?**

а. Новинарите треба да им дадат приоритет на нивните лични интереси и да дозволат конфликтот на интереси да го води нивното известување.

б. Новинарите треба да бидат транспарентни за потенцијалните конфликти на интереси и да избегнуваат да заземаат страна.

в. Новинарите треба активно да се залагаат за интересите на ГО и локалните власти.

г. Новинарите не треба да соработуваат со граѓански организации или локални власти за да избегнат конфликти.

Точен одговор: б) Новинарите треба да бидат транспарентни за потенцијалните конфликти на интереси и да избегнуваат да заземаат страна.

12. **Како може новинарите етички да известуваат за постапките на компаниите или индустриите кои придонесуваат за загадувањето на воздухот?**

а. Со избегнување на каква било критика на овие компании.

б. Со спроведување на длабински истраги и обезбедување балансирана перспектива, вклучувајќи изјави од вклучените компании.

в. Новинарите треба да се фокусираат само на помали локални извори на загадување.

г. Со промовирање на позитивните аспекти на компаниите.

Точен одговор: б) Со спроведување на длабински истраги и обезбедување балансирана перспектива, вклучувајќи изјави од вклучените компании.

13. **Дали е важно мултимедијалните елементи да се прилагодат на целната публика во раскажувањето приказни за загадувањето на воздухот?**

    а. Новинарите треба да ги користат истите мултимедијални елементи за сториите за да заштедат време.

    б. Прилагодувањето на елементите помага да се осигура дека содржината е привлечна и релевантна за конкретната публика.

    в. Непотребно е да се земат предвид преференците на публиката во мултимедијалното раскажување.

    г. Новинарите треба целосно да избегнуваат мултимедијални елементи.

Точен одговор: б) Прилагодувањето на елементите помага да се осигуриме дека содржината е привлечна и релевантна за конкретната публика.

14. **Дали технологиите за виртуелна реалност (VR) и зголемена реалност (AR) можат да придонесат за раскажување приказни за загадувањето на воздухот?**

    а. VR и AR немаат примена во еколошкото новинарство.

    б. Тие можат да ја внесат публиката во симулирани средини за да го искусат загадувањето на воздухот од прва рака.

    в. VR и AR треба да се користат за игри, а не за новинарство.

    г. Овие технологии се погодни само за академско истражување.

Точен одговор: б. Тие можат да ја пренесат публиката во симулирани средини за да го искусат загадувањето на воздухот од прва рака.

Оценување по завршување на обуката:

Предлог прашања (Препорака е да се изберат 10 прашања од понудените за полесна евалуација)

1. **Која е основната причина за категоризирање на ПМ честичките во различни групи споредувајќи ги по големина?**
   а. Да ја информира подобро јавноста за аерозагадувањето.
   б. Да им помогне на истражувачите да ги идентификуваат изворите на загадување.
   в. Да се проценат потенцијалните влијанија врз здравјето на различните големини на честички.
   г. Да се даде приоритет на поголемите честички во известувањето за животната средина.

Точен одговор: в) Да се проценат потенцијалните влијанија врз здравјето на различни големини на честички.

2. **Во мониторингот на квалитетот на воздухот, која е мерната единица која најчесто се користи за концентрациите на PM2,5?**
   а. Делови на милион (ppm)
   б. Милиграми на кубен метар (mg/m³)
   в. Микрометри (μm)
   г. Милиметри (mm)

Точен одговор: б) Милиграми на кубен метар (mg/m³)

3. **На скалата AQI, кој опсег на концентрации на PM2,5 се смета за „нездрава концентрација за чувствителни групи“?**
   а. 0-50 μg/m³
   б. 51-100 μg/m³
   в. 101-150 μg/m³
   г. 151-200 μg/m³

Точен одговор: б) 51-100 μg/m³

4. **AQI користи систем со бои за да го пренесе квалитетот на воздухот до јавноста. Која боја обично се поврзува со квалитетот на воздухот „Нездрав за сите“?**

   а. Портокалова

   б. Црвена

   в. Жолта

   г. Виолетова

Точен одговор: б) Црвена

5. **Проверката дали некоја компанија има А или Б еколошка дозвола можам да ја направам на следниот начин:**

   а. На веб страната на компанијата

   б. Со барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до компанијата

   в. Со контактирање на портпаролот на Министерството за животна средина и просторно планирање

   г. На онлајн регистарот на МЖСП

Точен одговор: г) На онлајн регистарот на МЖСП

6. **На што се однесува терминот „откривање аномалија“ во контекст на анализа на податоци при известување за загадувањето на воздухот?**

   а. Идентификување на необични обрасци или податоци кои значително отстапуваат од нормата.

   б. Игнорирање на сите податоци што ни изгледаа нерелевантни за да се поедностави анализата.

   в. Да се направат податоците конзистентни со отстранување на невообичаените обрасци.

   г. Фокусирање само на просечни или нормални точки на податоци.

Точен одговор: а) Идентификување на необични обрасци или податоци кои значително отстапуваат од нормата.

7. **Нормализацијата на податоците е клучна во анализата на податоците за квалитетот на воздухот. На што се однесува „стандардизацијата“ во нормализацијата на податоците?**

   а. Конвертирање на податоците во стандарден формат кој е лесно разбирливи за новинарите.

   б. Конвертирање на податоците во стандарден формат кој е лесно разбирливи за публиката.

   б. Обезбедување дека податоците се усогласени со новинарските стандарди.

   г. Прилагодување на вредностите на податоците на стандардна скала за да се олеснат значајните споредби.

   д. Стандардизацијата нема никаква улога во нормализацијата на податоците.

Точен одговор: г) Прилагодување на вредностите на податоците на стандардна скала за да се олеснат значајните споредби.

8. **Во контекст на соработката меѓу новинарите и граѓанските организации (ГО), на што се однесува поимот „новинарство за застапување“?**

   а. Новинарство кое се фокусира исклучиво на известување факти и избегнува да заземе став.

   б. Форма на новинарство каде што новинарите активно се залагаат за специфични социјални или еколошки каузи во нивното известување.

   в. Стратегија за прикривање на вистинските намери на новинарите и граѓанските организации.

   г. Еден вид сензационалистичко известување.

Точен одговор: б) Форма на новинарство каде што новинарите активно се залагаат за специфични социјални или еколошки каузи во нивното известување.

9. **Кога локалните власти обезбедуваат пристап до информации од јавен карактер, која е примарна цел?**

   а. Да се збуни јавноста со преоптоварување со податоци.

   б. Да се пренесат пораките и интересите на локалната власт.

   в. Да се зајакне транспарентноста и да се овозможи информирано донесување одлуки.

г. Да се ограничи пристапот до чувствителни податоци.

Точен одговор: в) Да се зајакне транспарентноста и да се овозможи информирано донесување одлуки.

10. **Во мултимедијалното раскажување приказни за загадениот воздух, што вклучува „раскажувањето приказни преку податоци“?**

    а. Презентирање необработени податоци без толкување.

    б. Користење на податоци за создавање привлечни и информативни наративи.

    в. Избегнување на употреба на податоци во раскажувањето.

    г. Преувеличување на податоците за да се направат приказните поинтересни.

Точен одговор: б) Користење на податоци за создавање привлечни и информативни наративи.

11. **Кога користите мултимедија во раскажувањето приказни за загадувањето на воздухот, каква е улогата на инфографиците?**

    а. Да се додаде визуелна привлечност на приказните без да се пренесуваат значајни информации.

    б. Да се создадат сложени визуелизации на податоци кои ја збунуваат публиката.

    в. Да се претстават податоците и информациите на визуелно јасен и привлечен начин.

    г. Инфографиците немаат никаква улога во раскажувањето приказни.

Точен одговор: в) Да се претстават податоците и информациите на визуелно јасен и привлечен начин.

12. **Што е „crowdsourcing“ во контекст на раскажување приказни за загадувањето на воздухот?**

    а. Техника за намалување на ангажираноста на публиката во известувањето.

    б. Собирање информации или податоци од голема група луѓе за новинарски потреби.

    в. Начин да се добијат податоци и информации кои ги знае само власта.

    г. Техника за ограничување на јавниот пристап до информации.

Точен одговор: б) Собирање информации или податоци од голема група луѓе за новинарски потреби.

13. **Кога креирате мултимедијална содржина, какво е значењето на титлот во видеата и која е целта текстот да се додава иако содржината на видеото е на јазикот кој го разбира публиката?**

    а. Тие се непотребни и не влијаат на ангажираноста на публиката.

    б. Тие обезбедуваат содржината да биде достапна за поширока публика, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби, но и публиката која гледа видеа без вклучен звук.

    в. Тие ја прават содржината поексклузивна.

    г. Тие служат само за естетски цели.

Точен одговор: б) Тие обезбедуваат содржината да биде достапна за поширока публика, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби, но и публиката која гледа видеа без вклучен звук.

14. **Медиумите често играат улога во застапувањето за промени во политиките поврзани со загадувањето на воздухот. Кои се потенцијалните етички предизвици во таквото застапување?**

    а. Застапувањето за промени во политиките е етички проблематично и треба да се избегнува.

    б. Етичките предизвици вклучуваат опасност од пристрасност, нетранспарентност и можност за загрозување на новинарската независност.

    в. Медиумското застапување нема етички предизвици.

    г. Новинарите не треба да се залагаат за промени во политиките поврзани со загадувањето на воздухот.

Точен одговор: б) Етичките предизвици вклучуваат опасност од пристрасност, нетранспарентност и можност за загрозување на новинарската независност.

15. **На што се однесува терминот „свиркач“ кога се планираат и спроведуваат истражувачки стории за загаденият воздух?**

    а. Свиркачите немаат никаква важност во истражувачкото новинарство.

б. Свиркачите се поединци кои откриваат неправилности, корупција или неетички практики поврзани со загадувањето на воздухот.

в. Свиркачите се новинари кои пишуваат сензационални стории.

г. Свиркачите се несигурни извори.

Точен одговор: б) Свиркачите се поединци кои откриваат неправилности, корупција или неетички практики поврзани со загадувањето на воздухот.

11.2. Предлог прашалник за евалуација на програмата за обука

Оценување на квалитетот на обуката по завршување

Ве молиме оценете го квалитетот на обуката колку таа придонела за подобрување на вашето ниво на знаење и вештини поврзани со известувањето за загадениот воздух.

Почитуван/Почитувана

Ве молиме пополнете го прашалникот за евалуација на програмата за ефективно известување за прашањата поврзани со загадувањето на воздухот. Вашите повратни информации се од суштинско значење за постојано подобрување на квалитетот на нашите обуки.

1. Ве молиме оценете ја дводневната обука со оценка од 1 до 5, каде 5 подразбира највисока оценка, а 1 најниска.

1	2	3	4	5

2. Кои аспекти од обуката ви беа најкорисни?
3. Кои аспекти од обуката мислите дека би можеле да се подобрат?
4. Која сесија ви беше најкорисна и зошто?
5. Оценете ја корисноста на материјалите и ресурсите споделени во текот на обуката, со оценка од 1 до 5, каде 5 подразбира највисока оценка, а 1 најниска.

1	2	3	4	5

6. Оценете колку обуката ги исполни вашите очекувања, со оценка од 1 до 5, каде 5 подразбира највисока оценка, а 1 најниска.

1	2	3	4	5

7. Колку е веројатно дека ќе ги примените знаењата и вештините стекнати во оваа програма во вашата професионална работа?

- Воопшто нема да ги применам
- Малку е веројатно
- Неутрален
- Веројатно
- Многу веројатно

8. Ве молиме споделете какви било дополнителни коментари, предлози или повратни информации за обуката. Вашето мислење е вредно за нас. (Отворен одговор)

Ви благодариме што одвоивте време да го пополните овој прашалник. Вашите повратни информации се многу ценети и ќе ни помогнат да ги подобриме идните програми.

Со почит,